## АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија“ број 72/07, 5/09 43/14, 193/15, 39/16, 164/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 190/19), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

# Ј А В Е Н  П О В И К  б р . 0 2 / 2 0 2 0

**за доставување на барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следнава мерка:

| *Код на мерка* | *Назив на мерката* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци* |
|---|---|---|
| ***121*** | ***Инвестиции за модернизација на земјоделските стопанства*** | |
| 1 | Набавка на пчелни матици од одобрени одгледувалишта на пчелни матици согласно Закон за сточарство | **до 600.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |
| 2 | Набавка на педигрирани чистокрвни или хибриди свињи (нерези и назимки ) од увоз или од признати организации согласно Законот за сточарство | **до 6.500.000 денари прифатливи трошоци по поединечен корисник** |

## II. КОРИСНИЦИ

Право на користење на средства имаат следните субјекти, и тоа:

| *Субјекти* |
|---|
| Земјоделски стопанства запишани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Закон за земјоделство и рурален развој |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

**Средствата се наменети набавка на матици, нерези и назимки во периодот од 01 октомври до 31 декември 2019 година.**

За Мерка 121, финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на завршени и исплатени инвестиции од страна на корисникот во висина од 50% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестиции.

Ставката за ко-финансирање се зголемува во случаите кога:
-се работи за инвестиции на земјоделско стопанство чиј носител е млад земјоделец до 55%
-за инвестиции во подрачја со ограничени можности на земјоделско производство до 60%
-за инвестиции во подрачја со ограничени можности на земјоделско производство кога носителот на инвестицијата е млад земјоделец 65%
-за инвестиции во недостапни рурални заедници 75%

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата се поднесуваат електронски по извршена регистрација на e-baranje.ipardpa.gov.mk

Еден барател може да поднесе само едно барање за една мерка или најмногу две барања за користење на поддршка по различни мерки, земајќи ги предвид и останатите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:
- **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 278/2019, 13/2020, 26/2020, 89/2020, 112/2020 и 153/2020),**
- **Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013 , 106/2013, 177/2014, 25/2015, 73/2015, 83/2015, 154/2015 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/2017, 83/2018 27/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 152/2019, 244/2019 и 275/2019),**
- **Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршка од мерките за рурален развој, прифатливи трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 72/2014, 88/2015, 35/2016 и 101/2017),**
- **Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурелен развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/2011, 80/2013, 35/2016,101/2017 и 162/2018).**

Барателите на финансиска поддршка потребно е да креираат електронско барање за исплата со бараните податоци и да прикачат задолжителни електронски документи (фактури или сметкопотврда кои ги докажуваат реализираните трошоци, детални испратници за испорачаните матици/добиток, уредно заверени, Решение за запишување на земјоделско стопанство во ЕРЗС при МЗШВ не постаро од еден месеци од денот на објавување на јавниот повик, фискална сметка или налог за плаќање ПП30 со извод за плаќање или налог за плаќање ПП10 со извод за плаќање на име на добавувачот, образец на Договор уредно заверен со потпис и печат и други).

Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства се рангираат со бодување утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој.
- **Барањата со ист број на бодови ќе се рангираат според датумот и времето на поднесување на електронското барање на e-baranje.ipardpa.gov.mk**
- **Барањата кои не поднесени електронски на e-baranje.ipardpa.gov.mk нема да се разгледуваат.**

Корисниците на средства треба да ги имаат намирено сите финансиски обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и финансиските обврски кон Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и воден надоместок кон водостопанските претпријатија.

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Упатството за регистрација на барателите во системот за електронско поднесување на Барање за исплата може да се превземе на почетната страна на **e-baranje.ipardpa.gov.mk.** Упатството за корисници за поединечна мерка може да се превземе по започнување на креирање на барање за мерката.

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Електронски пополнетото барање за исплата од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година на македонски јазик, уредно заверено со потпис и печат од барателот, заедно со целокупната потребна документација **оригинал** се доставуваат во затворен плик со назнака на предната

страна на пликот во горниот лев агол “НЕ ОТВАРАЈ“ Барање за исплата и Архивски број на Барањето (0220-12125-XXXX/1). Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не презема одговорност за затурање или предвремено отворање на барањето.

НАПОМЕНА:

**Барањата кои не поднесени електронски на e-baranje.ipardpa.gov.mk нема да се разгледуваат.**
**Крајниот рок за доставување на барањата за исплата на e-baranje.ipardpa.gov.mk е 15.07.2020 година.**
**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

**Образец на договорот, во 4 примероци (ОРИГИНАЛ), уредно заверен со потпис и печат на барателот, да се достави со целокупната документација до Агенцијата!**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,

Сектор за одобрување на исплата.

Телефон: **02 3097 - 460**, секој работен ден од 10.00 до 14.00 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk